# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ И ОКОЛИНА

**МЕПРИНГ СЕРВИСИ** ја утврдува оваа политика за квалитет и околина заради обезбедување на квалитетни производи и услуги на купувачите, кои во целост ги исполнуваат нивните искажани реални барања и се во согласност со важечките законски прописи и национални и меѓународни стандарди. Насоченоста кон обезбедување на комплетни, оптимални и прифатливи решенија за потребите и барањата на купувачите и нивното задоволство од успешно извршената работа се најважните вредности според кои МЕПРИНГ СЕРВИСИ ја мери и одредува својата вкупна успешност.

Да би се постигнале, одржале и зајакнале тие вредности, трајно се обврзуваме:

- Да вработуваме стручен и амбициозен кадар кој ќе има можност и обврска постојано да ги развива и усовршува своите вештини.
- Да набавуваме најсовремени материјали и опрема, како и да ја одржуваме и подобруваме инфраструктурата и околината за пријатна работа.
- Да негуваме и развиваме добри односи со нашите партнери.
- Да нудиме и реализираме современи, комплетни и оптимални решенија на нашите клиенти кои во целост одговараат на барањата и потребите на клиентите.
- Да водиме грижа за животната средина и околина.
- Да ја применуваме и подобруваме ефикасноста на системите за управување со квалитет и околина втемелени на барањата на меѓународните норми ISO 9001:2015 и ISO 14001:2015 и да тежнееме кон надминување на висината на тие барања.
- Да поставуваме амбициозни, мерливи и остварливи цели за квалитетот и околината.

Секој вработен во фирмата мора да биде запознаен со политиката за квалитет и околина, да ја разбере и прифати како трајно начело во сопственото работење.

Скопје, 03.10.2023

**УПРАВИТЕЛ**

Здравко Делидинков

МЕПРИНГ СЕРВИСИ